РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
07 Су.бр.11/2021-3
22.12.2021 година

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 6/2016, 98/2018, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 2/2021 на Основен суд Прилеп за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место - Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, СУД 01 01 Г01 001, Судскиот администратор на Основен суд Прилеп, на ден 22.12.2021 година, донесе

# **О Д Л У К А**

за избор за кариерно унапредување

За работното место Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, СУД 01 01 Г01 001 , се избира кандидатот:

- Наталија Наумоска

По конечноста на одлуката за избор, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## Образложение

По добиена согласност од Судскиот буџетски совет на РСМ бр.08-910/5 од 07.12.2021 година и Известувањето на Министерството за финансии бр.18-10223/2 од 03.12.2021 година, Основниот суд Прилеп на ден 13.12.2021 година на веб страната на судот објави интерен оглас бр.2/2021 за кариерно унапредување на судски службеник, во т.3 за работно место Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, СУД 01 01 Г01 001.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ" бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување до Судскиот администратор на судот достави Предлог за избор на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работното место Самостоен судски референт-водител на писарница. Како прворангиран се предлага избор на кандидатот Наталија Наумоска.

Согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од

три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, како и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Самостоен судски референт - водител на писарница, Категорија Г, ниво Г –1, СУД 01 01 Г01 001, Судскиот администратор одлучи како во изреката на оваа одлука.

Основен суд Прилеп на ден 22.12.2021 година.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
Судски администратор,
Сашо Темелкоски

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот судски службеник има nраво на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор преку Основен суд Прилеп до Советот на судска служба.